Државната комисија за жалби по јавни набавки во состав: Маја Малахова – претседател, Елита Шуки – заменик претседател, Сузана Раваноска - член и Томо Томовски – член, врз основа на член 200 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по жалбата на жалителот – „ИЛЕ“ ДООЕЛ – с.Црник, изјавена преку полномошник Адвокат Лилјана Портарска од Берово, наш број 09-355/1 од 28.05.2018 година, против Одлуката за поништување на Дел 325 бр.02-88/12 од 15.05.2018 година донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка согласно член 17 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки, за набавка на услуги – шумарски услуги за фази: сеча со дотур на дрвни сортименти на договорниот орган ЈП „Македонски Шуми“ Скопје, врз основа на член 220 став 1 алинеја 2, а во врска со член 212 став (2) и член 220 став (3) од Законот за јавните набавки набавки (Службен весник на Република Македонија бр.27/2015 и бр.78/2015, 192/2015, бр.27/2016, бр.120/2016, бр.165/2017 и 83/2018), на 26-та Седница одржана на ден 06.06.2018 година го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**1.** Жалбата на жалителот „ИЛЕ“ ДООЕЛ – с.Црник изјавена преку полномошник Адвокат Лилјана Портарска од Берово, против Одлуката за поништување на Дел 325 бр.02-88/12 од 15.05.2018 година донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка согласно член 17 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки, за набавка на услуги – шумарски услуги за фази: сеча со дотур на дрвни сортименти на договорниот орган ЈП „Македонски Шуми“ Скопје, **СЕ ОТФРЛА КАКО НЕПЛАТЕНА.**

**2.** Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки е конечно.

## О б р а з л о ж е н и е

Договорниот орган ЈП „Македонски Шуми“ Скопје, спровел постапка за јавна набавка со Оглас за доделување на договор за јавна набавка согласно член 17 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки, за набавка на услуги – шумарски услуги за фази: сеча со дотур на дрвни сортименти и донел Одлуката за поништување на Дел 325 бр.02-88/12 од 15.05.2018 година.

Незадоволен од Одлуката за поништување на Дел 325 бр.02-88/12 од 15.05.2018 година, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки изјави економскиот оператор „ИЛЕ“ ДООЕЛ – с.Црник.

Државната комисија за жалби по јавни набавки, разгледувајќи ја жалбата, утврди дека жалителот не постапил согласно со член 212 став (2) од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.27/2015 и бр.78/2015, 192/2015, бр.27/2016, бр.120/2016, бр.165/2017 и 83/2018), односно не доставил доказ за уплата на надомест за водење на постапката и поради тоа не постапуваше по истата.

Имено, економскиот оператор не постапил согласно член 229 став (1) од Законот за јавните набавки кој утврдува дека: „Во постапката пред Државната комисија, подносителот на жалбата, покрај административната такса, плаќа и надомест за водење на постапката во зависност од висината на понудата, и тоа: - до 20.000 евра во денарска против вредност, надомест од 100 евра во денарска противвредност; - од 20.000 до 100.000 евра во денарска противвредност, надомест од 200 евра во денарска противвредност; - од 100.000 до 200.000 евра во денарска противвредност, надомест од 300 евра во денарска противвредност, или – над 200.000 евра во денарска противвредност, надомест од 400 евра во денарска противвредност.

Во случај на непостоење на понуда, висината на надоместок за водење на постапката се пресметува врз основа на проценетата вредност на договорот за јавна набавка, при што Државната комисија го известува подносителот на жалбата за висината на надоместок и рокот во кој треба да  достави доказ за негова уплата”.

Понатаму, согласно член 220 став (1) алинеја 2 од Законот за јавните набавки: „Во постапката за правна заштита, Државната комисија може: да ја отфрли жалбата заради ненадлежност, недозволеност, неуреденост, ненавременост, поради тоа што е изјавена од неовластени лица и во случај на неисполнување на обврската од членот 212 став (2) на овој закон”.

Член 212 став (2) од Законот за јавните набавки утврдува: „Подносителот на жалбата е должен да приложи и доказ за уплата на надомест за водење на постапката".

Од причини што подносителот на жалбата не постапил според погоре наведените одредби од Законот за јавните набавки, односно не извршил уплата на надоместок за водење на постапката и не доставил доказ за извршената уплата, Државната комисија донесе Решение како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Согласно член 230 од Законот за јавните набавки и член 20 од Законот за управните спорови, против ова решение незадоволната странка може да поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 од денот на приемот на решението.

Бр.09-355/5
06.06.2018 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Маја Малахова**

Доставено до:
- Архива,
- ЈП „Македонски Шуми" Скопје ул. „Перо Наков" бр.128 Скопје
- Адвокатска канцеларија Лилјана Портарска Берово ул. „Вељко Влаховиќ" бр.14 Берово